Ве информираме дека во октомври 2016, МАСИТ започна да работи на проектот на **УСА ИД - Партнерство за подобра бизнис регулатива,**
заедно со Стопанска комора на Македонија и Стопанска комора на северозападна Македонија како партнери и консултантската куќа ЕПИ Центар Интернационал како главен имплементатор на проектот. Проектот е предвидено да трае четири години, односно до септември 2020.

**Двете главни цели на проектот се:**

Цел 1: Микро и малите бизниси од Македонија да ја подобрат нивната усогласеност со законските барања.

Цел 2: Бизнис организациите да воспостават конструктивен дијалог за подобрување на регулативата.

**Краткорочно влијание:**

- Подобрени капацитети на внатрешните и надворешните правни и финансиски советници;
- Подобрување на размената и пристапот до информации;

**Долгорочно влијание:**

- Зголемена финансиска и правна усогласеност на МСПа-та со регулативата;
- Подобрена бизнис регулатива како резултат на предлозите на приватниот сектор;
- Севкупно економско влијание;

Главни бизнис сектори кон кои е фокусиран овој проект се земјоделие, текстил, градежништво, ИТ и туризам.

**Корисници:**

- Старт-ап компании;
- Постоечки компании, идентификувани и селектирани од имплементациските партнери;
- 70% од вкупниот број на корисниците вклучени во проектот ќе бидат лоцирани надвор од Скопје, а останатите од Скопје;
- Минимум 30% жени претприемачи;

**Активности на проектот:**

А1: Ваучерска шема, Инфо сесии, Тренинзи за внатрешни и надворешни советници.

А2: Креирање на агрегатен портал со информации за бизнис регулативата.

А3: Организација на форуми за зголемување на свесноста и усогласеноста.

со правните и финансиски регулативи.

А4: Креирање на “Листи за самоконтрола” и водичи и брошури за усогласеност со законска регулатива.

А5: Подобрување на вештините и способностите на вработените во Коморите со цел поддршка на компаниите за усогласеност со регулативите.

А6: Воспоставување соработка и користење на добри практики во коморско работење од ЕУ.

А7: Промовирање на одржлива и независна платформа за пренесување на потребите на бизнис заедницата кон креаторите на политики.

А8: Развивање на капацитети за застапување и лобирање на имплементациските партнери.

А9: Развој на Позициски документи идентификувани преку таргетираните секторски групи.

А10: Промоција на ЕНЕР.

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

МАСИТ
Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии

OEMVP